# Заклучоци и препораки од истражувањето за проектот ЕУ Деск за иновативни финансиски пакети за подобра искористеност на европските фондови

## Дефинирање на проблемот

Малите и средните претпријатија (МСП) имаат значително влијание врз намалување на невработеноста и значајно учество во растот на бруто домашниот производ во многу земји и во Македонија. На овие претпријатија им недостасуваат финансиски средства во почетната фаза на основање, но уште повеќе за поддршка на раст во текот на натамошното работење. Тие имаат недостаток на сопствени средства за обезбедување со кои би можеле да се квалификуваат за добивање банкарски кредити. Заради лимитираните средства со кои располагаат, ограничената големина на бизнисот и недоволна транспарентност тие не можат да обезбедат ниту директно финансирање преку пазарите на капитал. Од тие причини од големо значење за поддршка на овие претпријатија е да им се овозможи подобар пристап до користење на финансиски услуги.

Со фондовите на ЕУ се нудат различни поддршки на растот на МСП, но овие претпријатија, заради недостаток на сопствени средства, искуство и знаење, не можат ефикасно да ги користат можностите што им стојат на располагање.

Македонија е меѓу последните земји во регионот по искористеност на средствата од европските фондови, односно по предлагање на проекти со кои ќе може да користи пари од фондовите и грантовите на Европската унија. Невладините организации, бизнисмените и институциите од Македонија за разлика од другите земји кандидатки не аплицираат со доволен број на јасни проекти за искористувањето на европските пари.

Една од причините за слабата искористеност на средствата што се на располагање за користење е што МСП имаат недостаток на сопствени средства за да можат да ги финансираат активностите за подготовка за пријавување за користење на ЕУ фондови и други активности до добивање на приливот на средства од овие фондови. Проблемот може да се надмине со

креирање нови иновативни банкарски финансиски инструменти за следење на потребите на фирмите во процесот на користење на средствата од европските фондови, во фазите на: пред-финансирање, меѓу-финансирање и ко-финансирање заради надминување на еден од горливите проблеми за обезбедување на покритие за обезбедување на користените средства.

Со напредување на процесот на приклучување на Македонија кон ЕУ ќе се зголемува износот и видот на средства од ЕУ што ќе бидат на располагање на МСП и затоа е важно комерцијалните банки да го унапредат капацитетот за поддршка на овие претпријатија за нивно ефикасно користење на понудените фондови.

## Методологија

1. Го анализиравме степенот на значење и важност на малите и средни претпријатија за македонската економија преку документи на Владата на Република Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Европската комисија, ОЕЦД, Бизнис конфедерација на Македонија и научни трудови од оваа област.
2. За согледување на состојбата на искористеноста на расположливите средства за МСП од ЕУ фондовите користевме документи на Министерството за финансии на Република Македонија, на Секретаријатот за евроинтеграција и на Европската комисија, извештаи на меѓународни финансиски институции, како и резултати од други истражувања за финансирањето на МСП и за користење на средства од ЕУ фондовите во Македонија и во други земји од ЕУ и во земји кандидатки за членство во ЕУ.
3. Ја анализиравме состојбата со финансирање на МСП во Македонија со користење на документи Бизнис конфедерација на Македонија, Европска комисија, Светска банка, ОЕЦД, и резултати од домашни и странски истражувања.
4. Ги анализиравме и ги претставивме моделите на финансирање на МСП при нивно користење на ЕУ фондовите од страна на комерцијалните банки во: Бугарија, Романија, Словенија, Хрватска и Унгарија. Користевме податоци за понудите на овие услуги од нивните интернет страни, како и од информации за овие понуди објавени во печатените и електронските медиуми.
5. Ги испитавме и понудите за проектно финансирање на банките во Македонија, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Користевме податоци за понудите на овие услуги од нивните

**Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20**

Проектот е финансиран од Европската Унија

интернет страни, како и од информации за овие понуди објавени во печатените и електронските медиуми.

6. Го испитавме ставот на македонските банки во однос на воведување нови продукти за финансирање на процесот на добивање и спроведување на проекти на МСП од ЕУ фондовите преку анкета. Анкетата беше спроведена по електронски пат и беа опфатени сите петнаесет банки. Анкетата беше спроведена во тек на јуни 2018 година преку прашалник директно адресиран до лица од кредитниот сектор. Во прашалникот кој има затворена форма беа вклучени прашања со понудени одговори: (а) дихотомни прашања („Да“ и „Не“) кои не дозволуваат среден одговор (б) прашања со повеќе одговори од кои се избира еден од понудените (в) прашања за определување на степенот на значење на понудените одговори. Прашалникот (Прилог 1) е составен од 32 прашања структурирани во 6 групи прашања за:
    1. Кредитни политики.
    2. Кредитирање на МСП.
    3. Причини за недоволно кредитирање на МСП.
    4. Проектно финансирање.
    5. Кредити за финансирање на одобрени проекти од програмите на ЕУ за МСП.
    6. Општи информации.

На прашалникот беа добиени одговори од осум банки. Сите банки (пет) од групата мали банки и сите три банки од групата големи банки според класификацијата на Народна банка според големината на износот на средствата одговорија на прашалникот. Тројца од анкетираните работат во оддел за кредитирање на МСП, двајца се на позиција средно ниво, двајца на ниско ниво и еден на високо ниво на менаџмент.

**Кредитни политики**. Резултатите од одговорите на испитаниците во однос на кредитните политики на банките покажуваат дека тие се умерено рестриктивни (87.5%).

*График 1. Оценка на кредитната политика на банките*




Најважен кредитен критериум е финансиската состојба на барателот на кредит (75%).

*График 2. Кредитни критериуми за оценување на барателот на кредит*




А недвижностите се најважно кредитно обезбедување, кај 75% од испитаните банки.

*График 3. Видови на обезбедување за кредитите во портфолиото на банките*




**Кредитирање на мали и средни претпријатија (МСП).** Само една банка не кредитира МСП. Две банки немаат посебни одделенија за кредити на МСП и немаат производи за кредитирање на МСП, а главната причина за посебниот третман на МСП при одобрување на кредити е потешко реализирање на обезбедување на кредитот кај овие банкарски клиенти.

*График 4. Причини заради кои банките имаат различен пристап при кредитирање на МСП*



Заради што и поголемиот број банки (62.5%) имаат посебни начини за обезбедување на кредитите на МСП.

*График 5. Начини на обезбедување на кредитите за МСП*




**Причини за недоволно кредитирање на МСП**. Најчеста причина (87.5%) за неприфаќање на барањето за одобрување кредит на МСП е финансиската состојба.

*График 6. Причини за одбивање на барањата за кредит на МСП*




За половина од испитаните банки програмите и активностите на Владата не влијаат на нивното кредитирање на МСП, но сите банки би ги зголемиле кредитите на МСП ако другите банки го направат тоа.

Три од петте банки сметаат дека намалување на каматни стапки, рефинансирање од Народната банка и обуки на вработените би влијаеле позитивно на кредитирањето на МСП.

*График 7. Ефекти од политики за кредитирање на МСП*




Две од банките сметаат дека постојната банкарска регулатива има позитивно влијание, една дека има негативно влијание а две дека не влијае на кредитирањето на МСП.

*График 8. Влијание на банкарската регулатива на кредитирањето на МСП*




Повеќето банки (75%) сметаат дека најголемо надворешно влијание имаат макроекономските фактори, 37.5% ја наведуваат регулативата, една ја посочува правната рамка.

*График 9. Надворешни фактори на кредитирањето на МСП*




Најголем број од банките (75%) ги наведуваат недостатокот на информации како внатрешен фактор, додека останатите наведуваат следни фактори: нема експертиза, големината на банката и потешкотија при дизајнирање на соодветни производи за МСП.

*График 10. Внатрешни фактори на кредитирањето на МСП*

**Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20**

Проектот е финансиран од Европската Унија




Како специфични фактори на кредитите на МСП, две од банките ги наведуваат слабата способност да управуваат со ризиците, една слабиот квалитет на финансиските извештаи и една тешкотии при наплата на достасани кредити. Како карактеристики на МСП скоро подеднакво се наведуваат: високи трошоци по трансакција, тешкотии при стандардизирање на производите, тешко постигнување на економија на обем. А како други фактори за карактеристиките на кредитирање на МСП сите банки го наведуваат немањето квалитетни барања за кредити.

*График 11. Специфични фактори на кредитирање на МСП*




**Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20**

Проектот е финансиран од Европската Унија

**Проектно финансирање**. Три од банките имаат проектно кредитирање и исто толку вршат проектно финансирање на МСП. Сите банки би вршеле проектно кредитирање на МСП.

**Кредити за финансирање на одобрени проекти од програмите на ЕУ за МСП**. Три од банките изјавиле дека им се познати ЕУ проектите и три од нив сметаат дека кредитирање на проекти на МСП од ЕУ фондови е поризично од класични кредити. Три од банките го сметаат непознавањето на деталите при реализацијата како ризик на финансирање на МСП за проекти од ЕУ, и четири банки сметаат дека нивната експертиза за оценување на проекти го намалува ризикот од овие кредити.

*График 12. Фактори на ризик од финансирање на одобрени проекти*




7. Интересот на давателите на услуги на МСП беше испитан преку прашалник доставен до сите девет регионални центри за поддршка и развој на мали и средни претприемништва. Анкетата беше реализирана во тек на јуни 2018 година со доставување прашалник до директорите на соодветните центри во електронска форма. Прашалникот (Прилог 2) е со затворена форма составен од 11 прашања со понудени одговори: (а) дихотомни прашања („Да“ и „Не“) кои не дозволуваат среден одговор (б) прашања со повеќе одговори од кои се избира еден од понудените (в)

прашања за определување на степенот на значење на понудените одговори.

Сите анкетирани лица одговориле на сите прашања од прашалникот. Сите анкетирани лица даваат консултантски услуги за МСП и седум од 8 испитаници имаат големо искуство со подготовка и спроведување на проекти финансирани од ЕУ фондови а само еден испитаник има мало такво искуство.
Само два испитаника имаат информации за постоење на одредена помош/поддршка од одредена институција кон МСП за спроведување на проекти финансирани од ЕУ фондови, додека другите шест се изјасниле дека немаат таква информација.

*График 13. Информација за постоење помош од институциите за спроведување проекти финансирани од ЕУ фондовите*




Повеќето од испитаниците (5) сметаат дека кредитни линии од комерцијалните банки (финансиски пакети за кредитирање на МСП) се добар инструмент за поголем поттик за МСП при аплицирање, подготовка и спроведување на проекти финансирани од ЕУ фондови, а 3 од нив не се согласуваат со тоа.

*График 14. Кредитните линии на банките како инструмент за поттик на МСП за користење на ЕУ фондови*

8. Дали сметате дека кредитни линии од комерцијалните банки (финансиски пакети за кредитирање на МСП) се добар инструмент за поголем поттик за МСП при аплицирање, подготовка и спроведување на проекти финансирани од ЕУ фондови?

8 responses




Сите анкетирани лица се согласуваат дека:

1. треба да се воведе помош/поддршка од одредена институција за МСП за спроведување на проекти финансирани од ЕУ фондови,
2. се заинтересирани за партнерство со комерцијалните банки за креирање на ЕУ пулт за поддршка на "банкабилни" проекти и
3. дека тоа би влијаело позитивно врз обемот на нивната работа.

Поголем дел од испитаниците (5) сметаат дека би требало да бидат обезбедени финансиски средства во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП имплементирана од АППРМ, а другите двајца се согласуваат дека треба да бидат обезбедени вакви средства во рамки на некоја од националните програми, но не прецизираат во која програма треба тие да бидат обезбедени.

*График 15. Обезбедување средства за партнерство на давателите на услуги со банките во националните програми*

11. Дали сметате дека за тоа би требало да бидат обезбедени финансиски средства во една од годишните национални програми?

8 responses




## Резултати

1. Малите и средните претпријатија во Македонија имаат голема улога во развојот на економијата заради нивно претежно учество во вкупниот број на компании и учеството на бројот на лица што го вработуваат во вкупниот број на вработени лица.
2. Ниско е нивото на искористеност на средствата од ЕУ фондовите што се на располагање на МСП во Македонија.
3. Пристапот на МСП до финансии е клучен проблем за обезбедување раст на овој сектор.
4. Банките од земјите од југоисточна Европа, нови членки на ЕУ, активно се вклучени во финансиска поддршка на МСП за подобра искористеност на ЕУ фондовите.
5. Банките во земјите од западниот Балкан најавуваат развој на проектното финансирање но во пракса е слабо користено.
6. Македонските банки немаат понуда на специјални производи за поддршка на МСП, ниту за вклучување на финансирање на проекти од ЕУ фондови.
7. Потенцијалните даватели на услуги на МСП се заинтересирани да се вклучат во партнерство со комерцијалните банки во процесот на финансиска поддршка на реализација на проектите од ЕУ фондовите.

## Заклучок од истражувањето

Малите и средните претпријатија можат да играат клучна улога за економскиот раст и развојот на иновативноста во Македонија. МСП се ограничени со можности за финансирање, особено во фазата на раст кога тие обезбедуваат нови извори на средства претежно од банкарски извори. Релативно сиромашната структура на македонскиот финансиски систем не оди во прилог на потребата од обезбедување средства за финансирање на работењето на МСП. Во такво окружување поттикнувањето на МСП за користење на средствата од ЕУ фондовите е од големо значење за натамошниот развој на овој сектор и на неговиот придонес за растот на економијата.

Македонија има прилично развиен и ликвиден банкарски систем но и покрај тоа македонските МСП не се доволно финансирани од домашните финансиски институции. Недостасуваат мерки и програми за поголемо вклучување на банките во процесот на поддршка на бизнис секторот со цел зголемување на степенот на искористеност на финансиската поддршка наменета за малите и средни претпријатија и земјоделските стопанства.

За да се смени оваа состојба, потребно е проширување на продуктите на банките во делот на креирање на нови иновативни финансиски инструменти со кои ќе можат да ги следат фирмите во процесот на користење на средствата од европските фондови, како во фазите на меѓу-финансирање така и за ко-финансирање и надминување на еден од горливите проблеми за обезбедување на колатерала.

## Предлог мерки на креаторите на политиките за поефикасно финансиско окружување на МСП

1. Македонија има ограничен капацитет и на страната на понудата и на побарувачката за да ги искористи ефикасно и ефективно средствата од ЕУ што и се на располагање. На страната на понудата капацитетот за финансиска апсорпција значи способност да се ко-финансираат програмите и проектите подржани од ЕУ, да се планираат и гарантираат средствата што треба да ги обезбеди државата во повеќе-годишни буџети и да се обезбедат овие средства од различни вклучени страни (државата, локалните власти, приватни тела) што се заинтересирани за програмите или проектите. За да се обезбеди повисок степен на капацитетот на финансиска апсорпција владата треба да:

1. Обезбеди поголема транспарентност со понудување комплетни информации и елиминирање на преголема бирократија од системот за одобрение на финансиски проекти, но исто така и со обезбедување на сите потребни информации од јавен интерес;

2. Обезбеди финансирање за обука на консултанти за проекти од ЕУ фондовите;
3. Ги регулира договорните односи помеѓу различните институции на централно и на локално ниво, помеѓу нив и консултантските фирми, и корисниците на проектите;
4. Воспостави критериуми за консултантските фирми за подготвување на физибилити студии со предвидување на пенал во случај на неизвршување на преземените обврски (квалитет и рокови).

2. Зголемување на улогата на Македонската банка за поддршка на развојот преку нудење производи за поттикнување на користењето на ЕУ фондовите од страна на МСП. Поддршката на користење на ЕУ фондовите треба да биде поставена како приоритет за реализирање на основната цел за која е основана Банката. Преку оваа улога таа треба да ја олесни апсорпцијата на претпристапните фондови на ЕУ и посредно да придонесе за одржлив развој и урамнотежен стопански раст. Дополнително, Банката треба да стане препознатлива како клучен и квалитетен партнер за кофинансирање на проекти од ЕУ фондовите за корисниците на ЕУ проектите и за другите релевантни чинители. Ова може да го реализира преку:

1. Кредитна поддршка на проекти кои се финансирани од ЕУ фондовите во делот на прифатливи трошоци и на неприфатливи трошоци а кои се составен дел на проектот
2. Гарантна поддршка за враќање на аванс и
3. Информативна улога и партнерство со клучните учесници.

Оваа банка може да одобрува кредитна поддршка за МСП при нивното користење на средства од ЕУ фондовите директно или во соработка со комерцијалните банки. Важно барање при вршење на оваа улога е да се обезбеди деполитизација на Банката заради професионално банкарско постапување при одобрување на кредитна поддршка.

3. Подготовка на банкарскиот сектор за активно учество за поддршка на порастот на апсорпцијата на ЕУ фондовите. Банките можат да го постигнат тоа преку директни вклучување во пред-финансирање и ко-финансирање со што го забрзуваат и зајакнуваат комплетирањето на започнатите проекти, но и на својот капацитет на експертиза во однос на менаџирање на проектите од европските фондови. Главната улога на банките за апсорпција на европските фондови се реализира преку: (а) Потврда на банкабилност на потенцијалните корисници преку издавање на писмо за намера и (б) поддршка на избраните корисници со грантирање на авансите од проектот и одобрување кредити за пред и со-финансирање; и обезбедување дополнителни финансиски инструменти за поддршка на инвестициите (финансирање на ДДВ, кредити за работен капитал, инструменти за управување со финансиски ризик).

Во сегашна констелација на функционирање на банките не може да се очекува нивна само-иницијатива за активна улога за подобро искористување на

средствата од ЕУ фондовите. За да станат банките активен чинител на успешна апсорпција на средствата од ЕУ фондовите потребно е вклучување и поттикнување на овие активности од страна на институциите и организациите од македонскиот финансиски систем.

1. **Народната банка** треба да ја прилагоди регулативата за да обезбеди соодветно супервизорско покритие за реализација и подетална разработка во интерните акти на ваков вид на проектно финансирање од страна на банките.
2. **Министерството за финансии** треба да даде активна поддршка на оваа нова банкарска активност преку вклучување во организирани работилници, семинари и обуки за зголемување на разбирањето на банките на можностите и користа од вклучување во поддршка на финансирање на проекти од ЕУ фондовите.
3. **Здружение на банки** може да даде голем придонес за подготвување на банкарската заедница за активен придонес кон унапредување на општата рамка за користење на европските фондови. Со воспоставување на соработка со државни институции кои се вклучени во создавање поволна клима за подобро користење на средствата од ЕУ што се на располагање за МСП, со Европската комисија, со меѓународни организации кои спроведуваат програми за подобрување на пристапот на МСП до финансии и со други чинители тие можат да организираат едукативни и информативни настани за банкарите. На тој начин тие можат да го забрзаат процесот на вклучување на банките во поддршката на реализација на проектите од ЕУ фондовите. Тие можат да воспостават комуникација со банкарски здруженија од „новите земји членки на ЕУ“ заради користење на нивното искуство во поттикнување на банките за вклучување во зголемување на апсорпцијата на европските средства. Здружението може да ги користи и искуствата на банките мајки на големите банки во сопственост на странски банки што тие го стекнале во други земји каде банките се вклучени во поддршка на финансирање на проектите од ЕУ. Случаите од пракса можат да бидат презентирани пред донесувачите на одлуки и стратегии на домашните банки заради стекнување уверување дека подобрувањето на апсорпцијата на ЕУ фондовите заедно со зголемено вклучување на банките во тој процес може да понуди алтернативни инвестициски можности за банките и да придонесе со тоа за заживување на кредитната активност.
4. **Академија за банкарство и информатичка технологија**. Проектното финансирање е овозможено со постојната банкарска регулатива, но банките немаат искуство и пракса со ваков вид на кредитирање, заради што треба да се понуди соодветна едукација на банкарските кадри заради оспособување за кредитна поддршка

на проекти за користење европски средства. Обуките можат да бидат наменети и за консултанти и би требало да вклучуваат:

1. Обука за ЕУ фондовите со цел да се презентираат прашањата за пристап и имплементација проекти финансирани од ЕУ;
2. Обука за европските финансиски инструменти при банкарското вклучување во финансирање на МСП со цел да се идентификуваат специфичните услови и ризици што можат да произлезат при имплементација на проектите.
3. Структурните фондови на ЕУ можат да играат важна улога за стимулирање на економијата што може да им користи на банките за добивање нови инвестициски можности преку очекуваната зголемена побарувачка на кредити од сите сектори и преку директно финансирање на проектите прифатливи од ЕУ програмите.
4. **Менаџерскиот кадар на банките** треба да ја препознае корista од банкарското финансирање на ЕУ проекти и да го вклучи како можност во своите стратешки планови преку:

1. Издвојување средства за оваа намена,
2. Реорганизација и реинжинеринг на работењето,
3. Обука на кадар за проектно финансирање,
4. Обука на кадар за расположливите ЕУ фондови, правилата и процедурите за нивно користење,
5. Воспоставување контакти со консултантски фирми за поддршка на реализација на проектите прифатени за финансирање од ЕУ средствата.

## Анекс 1 Прашалник за банките

### 1. Кредитни политики

*1.1) Како ја оценувате кредитната политика на вашата банка?*

1. Рестриктивна
2. Умерено рестриктивна
3. Агресивна
4. Многу агресивна

*1.2) Критериуми за кредит*

*1.3) Кој кредитен критериум е најважен за корпоративните клиенти?*

1. Обезбедување
2. Финансиска состојба
3. Идни проекти
4. Други

*1.4) Кое обезбедување има највисок процент во кредитното портфолио?*

1. Готовина
2. Опрема
3. Недвижности
4. Друго

**2. Кредитирање на мали и средни претпријатија (МСП)**

*2.1) Дали кредитирате мали и средни претпријатија (МСП)?*

1. да
2. не

*2.2) Дали имате посебна организациона единица за кредити на МСП?*

1. да
2. не

*2.3) Дали имате креирано посебни кредитни производи за поддршка на МСП?*

1. да
2. не

*2.4) Дали во кредитните политики се предвидени посебни начини на обезбедување на кредитите на МСП?*

1. да
2. не

*2.5) Ако е да кои се причините за тоа:*

- Ризикот на МСП е потешко да се диверзифицира
- Можноста да се оцени пропаѓање на МСП е потешка
- Обезбедувањето на кредитот е потешко да се наплати

*2.6) Најчеста причина за одбивање на барањата за кредит од МСП се:*

1. Прифатливост на проектот
2. Финансиската состојба
3. Недостаток на обезбедување
4. Друго

*2.7) Дали банката го сменила односот кон кредитирање на МСП во последните 10 години?*

1. да
2. не

*2.8) Дали банките повеќе ги кредитираат МСП откако други банки го прават тоа?*

1. да
2. не

*2.9) Дали програми и активности на Владата влијаат на вашето вклучување во кредитирање на МСП?*

1. Позитивно
2. Негативно
3. Неважно

*2.10) Кои би биле ефектите од следните програми/политики за кредитирањето на МСП за:*

| | Позитивно | Негативно | Неважно |
|---|---|---|---|
| - зголемување на кредити | | | |
| - намалени каматни стапки | | | |
| - рефинансирање од НБ | | | |
| - обуки | | | |

*2.11) Како влијае банкарската регулатива на вашето вклучување во кредитирање на МСП?*

1. Позитивно
2. Негативно
3. Не влијае

**3. Причини за недоволно кредитирање на МСП**

*3.1) Надворешни фактори*

1. Макроекономски фактори
2. Регулатива
3. Правна рамка
4. Друго

*3.2) Внатрешни фактори*

1. Нема интерес
2. Нема експертиза за овој сегмент
3. Големина на банката
4. Недостаток на информации
5. Тешко се дизајнираат соодветни производи

*3.3) Специфични фактори на МСП*

1. Слаб квалитет на финансиските извештаи
2. Слаба способност да управуваат со ризици
3. Тешко се наплаќаат достасаните кредити
4. Недостаток на соодветно обезбедување

*3.4) Кредитна технологија за МСП*

1. Високи трошоци по трансакција
2. Тешко се стандардизираат производите
3. Тешко се постигнува економија на обем
4. Недостаток на соодветно обезбедување

*3.5) Други фактори*

1. Недостаток од барања
2. Недостаток од  квалитетни барања
3. Голема конкуренција во банкарскиот сектор
4. Друго

**4. Проектно финансирање**

*4.1) Дали вашата банка врши проектно финансирање?*

1. да
2. не

*4.2) Дали вашата банка врши проектно финансирање на МСП?*

1. да
2. не

*4.3) Дали имате планови да почнете со проектно финансирање?*

1. да
2. не

*4.4) Доколку планирате дали би ги вклучиле и МСП во проектно финансирање?*

1. да
2. не

**5. Кредити за финансирање на одобрени проекти од програмите на ЕУ за МСП**

*5.1) Дали ги познавате условите за одобрување и реализирање на проекти од ЕУ средства за МСП?*

1. да
2. не

*5.2) Ако ги познавате дали сметате дека има простор за вклучување на банката во финансирање на реализацијата на одобрените ЕУ проекти на МСП?*

1. да
2. не

*5.3. Дали сметате дека ова финансирање во однос на стандардните банкарски кредити е:*

1. Повеќе ризично
2. Помалку ризично

*5.4) Ризикот од финансирање на одобрени проекти произлегува од:*

1. Неискуство на банката во финансирање на вакви проекти
2. Непознавање на деталите при реализација на проектите
3. Проблеми со следење на реализација на проектите
4. Пропусти при подготовката на документацијата на проектот од трети лица

*5.5. Дали сметате дека банките со својата експертиза за оценување на проекти може да го избегне ризикот од неисплата на средствата од програмата заради неисполнување на обврските од страна на корисникот на кредитот?*

1. да
2. не

**6. Општи информации**

*1. Дали работите во банка од групата на:*

- големи
- средни
- мали

*2. Во кој оддел работите?*

- кредитирање на компании
- кредитирање на МСП

*3. Која е вашата позиција?*

- високо ниво на менаџмент
- средно ниво на менаџмент
- ниско ниво на менаџмент

Анекс 2 Прашалник за давателите на услуги на МСП

*1. Во кој Регионален Центар работите?*

1. РЦ Скопје
2. РЦ Куманово
3. РЦ Велес
4. РЦ Струмица
5. РЦ Тетово
6. РЦ Гостивар
7. РЦ Битола
8. РЦ Охрид

*2. Дали Вашиот делокруг на работа претпоставува директен однос со МСП секторот?*

1. Да
2. Не

*3. Дали давате некои услуги за МСП?*

1. Да
2. Не

*4. Доколку да, какви услуги нудите?*

1. Советодавни и консултантски услуги
2. Финансиски услуги
3. Поддршка за полесен пристап до кредитни линии
4. Други услуги

*5. Дали имате искуство со подготовка и спроведување на проекти финансирани од ЕУ фондови?*

1. Да, големо искуство
2. Да, мало искуство
3. Не

*6. Дали имате информации за постоење на одредена помош/поддршка од одредена институција кон МСП за спроведување на проекти финансирани од ЕУ фондови?*

1. Да
2. Не

*7. Дали сметате дека треба да постои одредена помош/поддршка од одредена институција кон МСП за спроведување на проекти финансирани од ЕУ фондови?*

1. Да
2. Не

*8. Дали сметате дека кредитни линии од комерцијалните банки (финансиски пакети за кредитирање на МСП) се добар инструмент за поголем поттик за МСП при аплицирање, подготовка и спроведување на проекти финансирани од ЕУ фондови?*

1. Да
2. Не

*9. Дали сте заинтересирани за партнерство меѓу Вашата организација (како давател на услуги на МСП) и комерцијалните банки, со цел креирање на ЕУ пулт за поддршка на "банкабилни" проекти?*

1. Да, бидејќи со тоа ќе се зголеми спектарот на услуги/клиенти на центарот
2. Да, бидејќи соработката со комерцијалните банки ќе ја подобри нашата позиција во секторот
3. Не, бидејќи нашата организација нема индивидуален капацитет за спроведување на таков проект
4. Не, бидејќи не сите регионални центри во мрежата би имале капацитет за заеднички да работат на спроведување на таков проект

*10. Доколку да, како тоа би влијаело врз Вашиот обем на работа?*

1. Позитивно
2. Негативно
3. Нема да влијае

*11. Дали сметате дека за тоа би требало да бидат обезбедени финансиски средства во една од годишните национални програми?*

1. Да, во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво на Министерството за економија
2. Да, во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП имплементирана од АППРМ
3. Сеедно во било која национална програма
4. Не